# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| „Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. | Петок, 5 август 1994 Скопје Број 41 Год. L | Аконтацијата за 1994 година изнесува 2.000 денари. Овој број чини 120 денари. Жиро сметка 40100-603-12498 |
|---|---|---|

**1058.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за Црвениот крст на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јули 1994 година.

Бр. 08-2275/1
26 јули 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на
Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат положбата и задачите на Црвениот крст на Република Македонија, употребата и заштитата на амблемот и името на Црвениот крст и начинот на финансирање на задачите на Црвениот крст на Република Македонија (во натамошниот текст: Црвениот крст.

Член 2

Црвениот крст е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија.

Црвениот крст е невладина и вонпартиска организација.

Црвениот крст остварува определени хуманитарни цели и задачи од областа на здравството, социјалната заштита и воспитанието, врз принципите на хуманизмот и солидарноста.

Задачите од став 3 на овој член се од јавен интерес и Црвениот крст ги врши како јавни овластувања.

Член 3

Црвениот крст е единствена организација на Црвениот крст на територијата на Република Македонија, која ја сочинуваат организациите на Црвениот крст на општините и градот Скопје.

Организацијата, делокругот и начинот на работа на органите и службите преку кои Црвениот крст ги врши задачите, бројот, начинот на изборот на членовите на органите и службите се уредува со Статутот на Црвениот крст.

Член 4

Црвениот крст своите цели и задачи ги остварува, врз основа на хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволност, единственост и универзалност, како фундаментални принципи на меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Член 5

Црвениот крст соработува со Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина и со други меѓународни хуманитарни, здравствени и социјални организации.

Член 6

Црвениот крст има својство на правно лице.

Седиштето на Црвениот крст е во Скопје.

### II. УПОТРЕБА И ЗАШТИТА НА АМБЛЕМОТ И ИМЕТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Член 7

Амблемот на Црвениот крст е Црвен крст со пет еднакви квадрати на бело поле.

Член 8

Никој не смее да го употребува амблемот и името црвен крст ако според одредбите на овој закон и на женевските конвенции нема право да го употребува амблемот, односно името црвен крст.

Амблемот црвен крст може да се употребува како амблем на означување, како амблем на припадност и како амблем на заштита, во согласност со женевските конвенции, во случаите и под условите определени со овој закон.

Член 9

Само Црвениот крст има право на името црвен крст.

Член 10

Во мир со амблемот црвен крст можат да бидат означени:

1) згради, уреди, санитетски материјал и превозни и преносни средства на организациите, односно установите од областа на здравството и на организациите, односно установите во областа на социјалната заштита за згрижување на лицата на кои им е потребна постојана медицинска нега (во натамошниот текст: здравствени организации);

2) превозни и преносни средства на други организации што се употребуваат за превоз на ранети и болни лица, ако за носење на амблемот црвен крст добијат одобрение од Црвениот крст и

3) места определени за давање на прва медицинска помош во населените места, на сообраќајниците, во

претпријатијата и во други правни лица, како и места каде што е сместен санитетски материјал и опрема што служат за давање на прва медицинска помош.

Член 11

Во мир и во вонредна и воена состојба амблем на црвен крст можат да употребуваат, односно да бидат означени како со амблем на припадност:

1) работници, згради, средства и материјали на Црвениот крст; и

2) персонал, средства и материјали на странски национални друштва на Црвениот крст, за времето додека во Република Македонија, по одобрение на Владата на Република Македонија вршат дејност на Црвениот крст.

Во вонредна и воена состојба, амблемот на припадност што го употребуваат организациите и лицата од ставот 1 на овој член мора да биде со помали размери од амблемот на заштита и не смее да се става на лента околу раката, врз покрив на зграда и на превозни средства.

Член 12

Во мир и во вонредна и вонеа состојба амблемот на црвениот крст може да се употребува, односно да се носи како амблем на означување и како амблем на заштита на лицата, на санитетските единици и установи, на зградите, уредите, санитетските материјали и на превозните и преносните средства (копнени, поморски и воздухопловни). Што ѝ припаѓаат на санитетската служба на вооружените сили на Република Македонија.

Одредбите од ставот 1 на овој член се однесуваат и на санитетската служба на вооружените сили на други држави за време додека на територијата на Република Македонија, врз основа на одобрение од Владата на Република Македонија, врши санитетска дејност.

Член 13

Во вонредна и воена состојба амблемот црвен крст се употребува, односно се носи како амблем на заштита на:

1) згради, уреди, санитетски материјали, превозни и преносни средства и на работници во здравствени организации;

2) згради, уреди, санитетски материјали и превозни и преносни средства на Црвениот крст и на лицата определени за пронаоѓање, прибирање, пренесување и нега на ранети и болни или за спречување на болести;

3) единици на цивилната заштита за давање на прва медицинска помош;

4) болнички бродови;

5) екипи за давање прва медицинска помош што ги организираат здравствените организации, други установи и претпријатија и Црвениот крст за времето додека ги извршуваат тие работи и

6) средства на копнениот, водениот и воздушниот сообраќај што служат за пренесување на бродоломници, ранети, болни и санитетски материјали (санитетски транспорт).

По исклучок од одредбите на ставот 1 на овој член, надлежниот орган на управата може да ја ограничи употребата, односно носењето на амблемот црвен крст како амблем на заштита на одделни згради и уреди, на превозни и преносни средства и на лицата од тој состав ако тоа го бараат посебните интереси на одбраната и безбедноста.

Во вонредна и воена состојба амблемот црвен крст може да се употребува, одноно да се носи како амблем на заштита на персоналот, зградите, уредите, санитетските материјали и на превозните и преносните средства во составот на санитетските служби на странски организации на Црвениот крст, на Црвената полумесечина и на други странски доброволни друштва за помош, кога по одобрение на Владата на Република Македонија, на територијата на Република Македонија вршат санитетска дејност.

Член 14

Во вонредна и воена состојба амблемот црвен крст може да се употребува како амблем на означување и како амблем на заштита на санитетските зони и на местата определени заради заштита на ранети и болни, како и на лицата што во тие зони и места работат врз згрижување и нега на ранетите и болните што се сместени во нив.

Санитетските зони и местата од ставот 1 на овој член ги определува Владата на Република Македонија.

Член 15

Лицата од членот 13 на овој закон, кои имаат право на носење на амблемот црвен крст, мораат во вонредна и воена состојба да имаат легитимација со своја фотографија и втиснат сув жиг, која служи како доказ дека работат во определени организации, односно установи и во определено својство. Во легитимациите мораат да бидат назначени работите што ги вршат тие лица.

Член 16

Лицата од членот 8 на овој Закон мораат додека се на служба, кај себе да ја имаат легитимацијата од членот 15 на овој закон и на левата рака да носат лента со амблемот црвен крст и со отисок на жиг отпорен на влага.

Лицето што ќе го изгуби својството врз основа на кое добило легитимација и лента со амблем црвен крст, должно е да му ја врати легитимацијата и лентата на органот што ја издал легитимацијата, односно лентата.

Член 17

Надлежниот орган на управата им ја издава легитимацијата од членот 15 и лентата од членот 16 на овој закон на определени лица во случај на вонредна и воена состојба и за тоа да води евиденција.

Член 18

Санитетскиот транспорт, организациите и единиците, санитетските материјали, уредите и превозните и преносните средства од членот 13 на овој закон, како и санитетските зони и местата од членот 14 на овој закон, ако во вонредна и воена состојба за нив се употребува амблемот црвен крст како амблем на заштита, мораат да бидат обележани со амблемот црвен крст на видлив начин и на определено место.

## III. ЗАДАЧИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Член 19

Црвениот крст:

1. Организира собирање помош на државните органи, претпријатија и други донатори во Република Македонија ја даваат заради ублажување и отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии или вооружени судири и ја распределува во земјата и ја испраќа во странство;

2. Учествува во распределбата на хуманитарната помош примена од националните друштва, Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина и од други меѓународни и национални хуманитарни организации;

3. Соработува со здравствената служба, Санитетската служба на Армијата на Република Македонија и единиците и штабовите на Цивилната заштита во згрижувањето на повредените и болните во случај на војна или масовни елементарни непогоди и несреќи;

4. Соработува со државните органи во прифаќањето и сместувањето на евакуираното население и во спроведувањето мерки, за згрижување на настраданото и загрозеното население;

5. Ги врши работите што произлегуваат од одредбите на Женевската конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните во вооружените сили во војна.

Женевската конвенција за подобрување на положбата на ранетите, болните и бродоломниците на вооружените сили на море и Женевската конвенција за заштита на граѓанските лица за време на војна од 12 август 1949 година и Дополнителните протоколи кои женевските конвенции I и II од 10 јуни 1977 година и другите меѓународни обврски што ги презема Република Македонија во таа област;

6. Собира, средува, чува и дава податоци за жртвите од масовно-елементарни и други несреќи и вооружени судири;

7. Ја организира и раководи работата на Службата за барање;

8. Организира екипи и одреди за интервенција во случај на масовни елементарни непогоди и несреќи;

9. Учествува во организирањето и давањето на социјално-хуманитарна помош и здравствената заштита на граѓаните во случај на елементарни непогоди, епидемии и други поголеми несреќи или војна;

10. Учествува во популаризирањето на крводарителството и ги организира акциите за доброволно давање крв, во мирновременски и вонредни услови;

11. Учествува во здравственото воспитание на населението и учествува во организирањето на повеќе облици на меѓусебна помош на граѓаните во духот на хуманизмот и солидарноста;

12. Учествува во оспособување на населението за давање на медицинска прва помош;

13. Ги оспособува граѓаните за домашно гледање на болни и организира услуги и оспособува кадри за оваа дејност;

14. Оспособува кадри за безбедност на вода и учествува во организирањето за безбедност на водата во туристичките региони и другите водни објекти;

15. Оспособува кадри за безбедност на планина и учествува во давањето на медицинска прва помош на планина и

16. Врши и други задачи определени со закон.

Член 20

Во случај на масовни елементарни несреќи, епидемии, друга поголема несреќа или војна, Црвениот крст во извршувањето на своите задачи има право на приоритет во превозот на лица и материјали на сите средства од јавниот сообраќај и право на соопштување на вести и соопштенија, преку средствата за јавно информирање.

Член 21

Во вршењето на задачите определени со членот 19 од овој закон, Црвениот крст соработува со Владата на Република Македонија, надлежните министерства, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за патишта, Санитетската служба на Армијата на Република Македонија и единиците и штабовите на цивилната заштита, здравствената и социјалната служба, со претпријатијата и со други органи и организации.

Органите и организациите од ставот 1 на овој член во рамките на својот делокруг и овластувања на Црвениот крст му обезбедуваат финансиска и друга помош, заради успешно извршување на своите програмски цели и задачи.

## IV. СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Член 22

Црвениот крст формира Служба за барање, заради извршување на задачите утврдени со членот 19 став 1 точките 5 и 6 од овој закон.

Член 23

Организацијата и начинот на работа на Службата за барање се уредува со акт на Црвениот крст, на кој согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 24

Црвениот крст може да дава услуги за сместување и исхрана и за други потреби на лица на кои таква форма на помош им е потребна од социјални, здравствени и други причини и да организираат исхрана во случај на вонредни состојби.

Црвениот крст може да основа организација за давање на услуги од ставот 1 на овој член.

Давањето на услуги за сместување и исхрана од став 1 на овој член, не се сметаат за угостителска дејност.

Член 25

Црвениот крст во извршување на задачите од членот 19 од овој закон води матична книга, картотека и издава уверенија, потврди, списоци и други документи.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Член 26

Црвениот крст остварува финансиски средства од:
- надоместоци;
- подароци и завештанија од недвижен имот, парични средства и други приходи утврдени со овој и други закони;
- програмски активности од областа на здравствената заштита што ќе се финансираат од Фондот за здравствено осигурување;
- програмски активности од областа на социјално-хуманитарната дејност што ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Република Македонија, наменети за социјално-хуманитарни дејности;
- услужни дејности сврзани со функцијата на Црвениот крст;
- членарина од своето членство;
- програмски активности за реализирани шишиња на крв по утврдена цена од Фондот за здравствено осигурување;
- игри на среќа во согласност со закон и
- Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на градот Скопје за Службата за барање и учество во подготовките и активностите за интервенции во случај на масовни елементарни непогоди и несреќи во земјата и странство.

Со приходите со кои се здобил Црвениот крст, располага Црвениот крст.

Член 27

Во корист на Црвениот крст се плаќаат надоместоци и тоа:
- 3% за влезницата за културно-забавни манифестации, (концерти и фестивали) од локален, државен и меѓународен карактер, клубови (диско, барови и казино), циркуски и акробатски претстави и саемски (државен и меѓународни) манифестации, за кои се наплатува влезница, освен за театарски претстави, изложби на слики, скулптури и други претстави и приредби, што ги организираат ученици и студенти во кругот на училиштата и факултетите;

- 3% на секоја изнајмена видеокасета и носачи на звук;
- 3% на секоја влезница за спортски натпревари и
- 0,5% од регистрацијата на моторни возила.

Основица за плаќање на надоместокот е цената на влезницата, односно цената на изнајмување на касети, односно носачи на звук.

Средствата од ставот 1 на овој член се уплатуваат на жиро-сметката на Црвениот крст.

Распределбата на средствата од ставот 1 на овој член, со одделни одлуки ја врши органот на Црвениот крст.

Во однос на наплатата, уплатата, контролата и казните за надоместоците од овој член се применуваат одредбите од Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Член 28

Во текот на традиционалните акции и манифестации: „Недела на борба против ракот", „Недела на Црвениот крст", „Недела на солидарноста", „Недела на борба против сидата" и „Недела на борба против градните болести и туберкулозата", во полза на Црвениот крст се плаќа надоместок:

- 5% на цената на секој продаден билет во внатрешниот и меѓународен железнички, автобуски, авионски и езерски сообраќај и
- 50% од номиналната вредност на поштенската марка за писма до 100 грама на секоја поштенска пратка во внатрешниот и меѓународен поштенски сообраќај, освен за книги, весници и списанија.

Во текот на акциите и манифестациите од ставот 1 на овој член, Црвениот крст издава пригодни доплатни поштенски марки.

Средствата од „Неделата на борба против ракот" се уплатуваат на жиро-сметката на Фондот на борба против ракот, средствата од „Неделата против сидата" се уплатуваат на жиро-сметката на Фондот на борба против сидата, а средствата од „Неделата на Црвениот крст", „Неделата на солидарноста" и „Неделата на борба против градните болести и туберкулозата" на жиро-сметката на Фондот за солидарност на Црвениот крст.

Црвениот крст со акт ги утврдува деновите кога се организираат акциите и манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 29

Републиката од својот буџет обезбедува средства за Службата за барање и за програмските задачи, што Црвениот крст ги врши во согласност со членот 19 точките 1, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој закон.

Во смисла на ставот 1 на овој член, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје од своите буџети, соодветно обезбедуваат средства за организациите на Црвениот крст на општините и градот Скопје во Република Македонија.

## VI. НАДЗОР

Член 30

Надзор над спроведувањето на Законот во делот за извршувањето на задачите на Црвениот крст кои се финансираат според членовите 27, 28 и 29 на овој закон вршат надлежните органи на Република Македонија.

Член 31

Црвениот крст може на органите надлежни за вршење надзор над извршувањето на овој закон да им предлага мерки од значење за правилното користење на амблемот црвен крст и за спречување на неговата злоупотреба.

Член 32

Во вршењето надзор над извршувањето на овој закон надлежните органи имаат право и должност:

1) да наредат отстранување на амблемот црвен крст што се употребува, односно што се носи во спротивност на условите донесени врз основа на овој закон;

2) да наредат други мерки потребни за спроведување на овој закон и на прописите донесени врз основа на него и

3) во случај на повреда на одредбите на овој закон, да поднесат до надлежниот орган барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 33

Запознавање на населението на Република Македонија со текстот на женевските конвенции од членот 19 точка 5 на овој закон врши Црвениот крст.

Запознавање на лицата во вооружените сили на Република Македонија и на работниците во здравствените организации, односно установи со текстот на женевските конвенции ќе вршат надлежните органи во вооружените сили, односно во здравствените организации односно установи.

Запознавање на студентите на факултетите и Универзитетот со текстот на женевските конвенции ќе се врши на начин и по постапка утврдени со прописите на органот на државната управа надлежен за образованието.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Со парична казна од 4 до 20 плати од просечната плата во Републиката исплатена во последниот месец објавен од Републичкиот завод за статистика (во натамошниот текст: плати) за прекршок ќе се казни правното лице ако не уплатува средства во полза на Црвениот крст на Република Македонија (членови 27 и 28).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од една десетина до една половина од платата.

Член 35

Со парична казна од 4 до 20 плати ќе се казни за прекршок здравствена организација, друга организација, односно установа или друго правно лице:

1) ако го употребува името црвен крст, а за тоа нема право (членот 9) и

2) ако го употребува амблемот црвен крст како амблем на означување, како амблем на припадност или како амблем на заштита во спротивност на одредбите од членовите 10, 11 и 13 на овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на правното лице со парична казна од една десетина од една половина плата.

Член 36

Со парична казна од една десетина до една половина плата ќе се казни за прекршок поединецот:

а) ако во вонредна и воена состојба го носи или го употребува амблемот црвен крст како амблем на заштита, а го нема својството на лицето од членот 13 став 1 на овој закон;

2) ако за време на службата кај себе ја нема легитимацијата од членот 15 на овој закон, или ако не ја носи лентата со амблемот црвен крст на пропишаниот начин или ако го изгуби својството на лице врз основа на кое ја добил легитимацијата и лентата, а не му ги врати на надлежниот орган (член 16).

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Се овластува министерот за одбрана да го пропише начинот на означувањето со амблемот црвен крст на воените санитетски единици и установи, на зградите, уредите, санитетските материјали и на транспортните средства што се во составот на санитетската служба на вооружените сили на Република Македонија и да ги определи органите на вооружените сили што можат да ја ограничат употребата, односно носењето на амблемот црвен крст како амблем на заштита на воените санитетски единици и установи, како и органите на вооружените сили што ќе се грижат за примената на тие прописи.

Член 38

Црвениот крст го уредува начинот на употребата на амолемот и името црвен крст во вршењето на својата дејност (членовите 9 и 11).

Член 39

Органот на државната управа надлежен за работите на здравството, на предлог на Црвениот крст, донесува прописи:

1) за начинот на употребата на амблемот црвен крст како амблем на означување на амблем на заштита (членовите 10 и 13) и

2) на легитимацијата и лентата на корисниците на амблемот црвен крст во вонредна и воена состојба и за водење на евиденцијата за издадените легитимации и ленти (членовите 15, 16 и 17).

Член 40

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат Законот за положбата и овластувањето на Црвениот крст на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 27/77, 3/85, 10/85, 51/88, 28/89 и 23/91), Законот за положбата и овластувањата на Црвениот крст на Југосалвија („Службен лист на СФРЈ“ број 13/76) и Законот за употреба и заштита на знакот и називот црвен крст („Службен лист на СФРЈ“ број 13/82 и 24/88).

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**1059.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Се прогласува Законот за политичките партии, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јули 1994 година.

Број 08-2348/1
28 јули 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН

### ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии.

Член 2

Политички партии според овој закон, се оние организирани групи на граѓани кои се залагаат за учество во власта.

Член 3

Граѓаните слободно основаат политички партии со цел:

– да ги остваруваат и заштитуваат политичките, економските, социјалните, културните и други права и уверувања на своите членови и учествуваат во процесот на донесување на политички одлуки и

– да учествуваат во постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и одборници во собранијата на општините и Собранието на Град Скопје.

Членови на политичка партија можат да бидат само државјани на Република Македонија.

Член 4

Програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон:

– насилно уривање на уставниот поредок;

– поттикнување или повикување на воена агресија и

– разгорување на национална, верска или расна омраза или нетрпеливост.

Член 5

Работата на политичките партии е јавна.

Член 6

Политичките партии се организираат и дејствуваат на територијален принцип.

### II. ОСНОВАЊЕ, РЕГИСТРАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Член 7

Политичка партија можат да основаат најмалку 500 полнолетни граѓани – државјани на Република Македонија, со постојано живеалиште во Република Македонија.

Политичката партија е должна 15 дена пред истекот на секоја година да доставува писмен доказ до Окружниот суд во Скопје со кој ќе се утврди дека бројот на основачите не е намален.

Член на политичка партија може да биде секој полнолетен граѓанин – државјанин на Република Македонија, кој ќе даде изјава за доброволно членство во политичката партија.

Секој член може слободно да истапи од политичката партија.

Член 8

Политичката партија се основа на собрание на основачите на кое се донесува одлука за основање, програма, статут и се избираат нејзините органи.

Одлуката за основање на политичка партија содржи;
- име на политичката партија;
- седиште на политичката партија;
- личното име на овластеното лице кое ќе ги врши работите на упис во судскиот регистар и
- личните имиња на основачите, со матичен број и адреса во постојано место на живеење во Република Македонија.

Член 9

Статутот на политичката партија содржи одредби, особено за:
- името и седиштето на политичката партија;
- политичките цели на дејствување, остварување на јавноста во работата и начинот на дејствување;
- условите и начинот на зачленување и престанување на членството и правата, обврските и одговорностите на членовите;
- застапувањето и претставувањето на политичката партија;
- органите на политичката партија, начинот на нивниот избор и отповикување, траењето на мандатот и начинот на одлучувањето;
- стекнувањето и располагањето со средствата;
- престанок на политичката партија;
- постапката со имотот во случај на престанок на политичката партија и
- ознаките на политичката партија ( знаме, скратено име, симбол, амблем и друго).

Името и ознаките на политичката партија мора да се разликуваат од името и ознаките на веќе регистрираните политички партии во земјата и странство.

Политичките партии не можат да имаат домашни и странски државни ознаки.

Член 10

Политичката партија може да започне со работа со денот на уписот во судскиот регистар на политичките партии (во натамошниот текст: судскиот регистар).

Политичката партија стекнува својство на правно лице со денот на уписот во судскиот регистар).

Член 11

Политичката партија се запишува во судскиот регистар.

Судскиот регистар го води Окружниот суд во Скопје.

Министерот за правосудство и управа го пропишува образецот и начинот на водењето на судскиот регистар.

Член 12

Политичката партија е должна во рок од 30 дена од денот на основањето да поднесе барање за запишување во судскиот регистар.

Со барањето за запишување во судскиот регистар се поднесува;
- записник за работата на основачкото собрание;
- програма и статут и
- Одлука за основање.

Член 13

Окружниот суд во Скопје е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето да донесе решение за упис на политичката партија во судскиот регистар.

Ако Окружниот суд во Скопје утврди дека барањето за запишување во судскиот регистар е нецелосно, односно статутот не ги содржи прашањата определени со членот 9 од овој закон, ќе го повика подносителот на барањето за регистрација во рок од 30 дена да го дополни барањето за регистрација.

Доколку подносителот на барањето за запишување во судскиот регистар, не постапи согласно со ставот 2 на овој член, Окружниот суд во Скопје ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за запишување во судскиот регистар.

Член 14

Окружниот суд во Скопје нема да изврши упис во судскиот регистар ако утврди дека политичката партија е основана за дејствија спротивни на забраните од член 4 од овој закон.

Член 15

Против решението со кое се одбива барањето за запишување во судскиот регистар е дозволена жалба.

Жалбата се поднесува во рок од 15 дена по приемот на решението до Врховниот суд на Република Македонија.

Член 16

Политичката партија е должна за измените на програмата и статутот во рок од 30 дена да го извести Окружниот суд во Скопје и да му ги достави со записникот од седницата на која се усвоени.

Член 17

Политичката партија престанува
1. Кога на партијата ѝ е забрането дејствување со правосилно решение на надлежниот суд;
2. Кога Уставниот суд на Република Македонија утврди дека програмата или статутот на политичката партија не се во согласност со Уставот;
3. Кога органот утврден со статутот на политичката партија донесува одлука за престанок и
4. Кога бројот на членовите ќе се намали под законски определениот број за нејзино основање.

Случаите од став 1 на овој член ги утврдува Окружниот суд во Скопје со решение за престанок на политичката партија.

За престанок на политичката партија во случаите од став 1 точки 3 и 4 од овој член, лицето кое ја застапувало должно е во рок од 15 дена од денот на престанокот на политичката партија да го извести Окружниот суд во Скопје, заради бришење од судскиот регистар.

Врз основа на решението од став 2 на овој член партијата се брише од судскиот регистар.

Член 18

Податоците запишани во судскиот регистар се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија".

Член 19

Дејствувањето на политичката партија ќе се забрани кога ќе се утврди дека тоа е спротивно на забраните определени во член 4 на овој закон.

Член 20

Решение за забрана на дејствувањето на политичката партија донесува општинскиот суд надлежен според седиштето на политичката партија.

Постапката пред судот се води според правилата на процесната постапка, доколку со одредбите на овој закон не е поинаку определено.

Член 21

Постапката пред судот се покренува по предлог на надлежниот јавен обвинител.

Расправата по предлогот ќе се одржи во рок од осум дена по приемот на предлогот.

На расправата како странки ќе се повикаат надлежниот јавен обвинител и лицето овластено за застапување на политичката партија.

Член 22

Во постапката за забрана на дејствувањето на политичката партија судот може да одржи расправа во отсуство на странките кога тие се уредно поканети и кога во поканата за расправа тоа е посебно назначено.

Член 23

Судот со решение ќе го забрани дејствувањето на политичката партија или ќе донесе решение со кое се одбива предлогот на надлежниот јавен обвинител.

Во решението со кое се забранува дејствувањето на политичката партија судот мора да го наведе основот кој претставува причина за забрана на дејствувањето и да го образложи.

Член 24

Решението по предлогот за забрана на дејствувањето на политичката партија судот го донесува по одржаната расправа, а претседателот на советот ќе го објави веднаш.

Решението се изготвува во писмена форма, а заверен препис се доставува на странките во рок од три дена од денот на објавувањето.

Член 25

Против решението на надлежниот суд од член 20 на овој закон, надлежниот јавен обвинител и политичката партија можат да донесат жалба до Окружниот суд во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Окружниот суд одлучува по жалбата, во рок од осум дена по приемот на жалбата и списите по предметот.

Член 26

Правосилното решение за забрана на дејствувањето на политичката партија се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Член 27

Политичките партии средствата за своето дејствување ги стекнуваат и со нив располагаат на начин утврден со закон.

Член 28

Политичките партии средствата за своето дејствување можат да ги стекнуваат од членарина, прилози, приходи, од сопствен имот, кредити, подароци, дотации, легати и од Буџетот на Република Македонија.

Политичките партии не можат да стекнуваат средства за своето дејствување:

1. Од влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица;
2. Од државни органи, органи на локалната самоуправа надвор од средствата предвидени со Буџетот на Република Македонија;
3. Од претпријатија со општествена и државна сопственост вклучувајќи ги и тие кои што го започнале процесот на приватизацијата.

Член 29

Средствата што се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија за дејствување на политичките партии во висина од 30% се распоредуваат подеднакво на политичките партии кои освоиле најмалку 3% од гласовите на последните избори, а останатите 70% се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија сразмерно на бројот на нивните пратеници.

Ако пратеникот е избран како кандидат на две или повеќе политички партии, средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено не се договорат поинаку.

Член 30

Поединечните подароци, прилозите и дотациите на правни и физички лица, не можат да изнесуваат повеќе од 100 просечни плати во Републиката исплатени во последниот месец објавени од Републичкиот завод за статистика и не можат да бидат кумулирани повеќе од еднаш годишно.

За време на одржување на изборите поединечните подароци и дотациите од правните и физичките лица, можат да изнесуваат најмногу до 200 просечни плати во Републиката исплатени во последниот месец објавен во Републичкиот завод за статистика.

Средствата од став 2 на овој член се издвојуваат на посебна сметка за изборен фонд.

Член 31

Политичките партии водат книговодство на приходите и расходите.

Изворите на приходите на политичките партии се јавни.

Евидентирањето на приходите се искажува по вид, висина и нивниот извор.

Член 32

Надзорот над финансиското работење на политичките партии го врши надлежниот орган за контрола на финансиско-материјалното работење.

## IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Со парична казна од 4 до 20 плати ќе се казни за прекршок политичката партија која:

- се организира и дејствува спротивно на член 6 од овој закон;
- започне со работа пред запишувањето во судскиот регистар (член 10);
- во предвидениот рок не поднесе барање за запишување во судскиот регистар (член 12);
- во предвидениот рок не поднесе известување до Окружниот суд во Скопје за измените на програмата и статутот (член 16) и
- за прекршок од став 1 на овој член со парична казна од една десетина до една половина плата ќе се казни одговорното лице во политичката партија.

Со парична казна од една десетина до една половина плата ќе се казни за прекршок застапникот на политичката партија ако по донесувањето на одлуката за престанок на политичката партија или намалувањето на бројот на членовите определен за основање, во рок од 15 дена од денот на нејзиниот престанок, односно од намалувањето на бројот на членовите не го извести Окружниот суд во Скопје, заради бришење од судскиот регистар.

Член 34

Со парична казна од 10 до 20 плати ќе се казни за прекршок правното лице во општествена сопственост и правното лице во кое не е извршена целосна трансформација на општествената во приватна сопственост кое ќе одобри и префрли средства на политичка партија по кој и да е основ.

Со парична казна од една до две плати за прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на правното лице.

Со парична казна од две плати ќе се казни за прекршок одговорното лице на политичката партија ако не пријави на надлежниот орган за надзор и контрола на материјално-финансиското работење извршена уплата на жиро-сметка на политичката партија од правното лице од ставот 1 на овој член веднаш или најдоцна во рок од 15 дена од уплатата.

Средствата што се одобрени и префрлени на политичка партија од ставот 1 на овој член се запленуваат од жиро-сметката на политичката партија и се пренесуваат на Буџетот на Република Македонија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Постојните политички парти се должни своите програми и статути да ги усогласат со одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 36

Постапката за регистрација на политичките партии која на денот на влегувањето во сила на овој закон не е завршена, ќе заврши според одредбите на овој закон.

Член 37

Судскиот регистар, Окружниот суд во Скопје ќе го воведе најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постојните политички партии кои се регистрирани според Законот за општествените организации и здруженија на граѓани, Окружниот суд во Скопје ќе ги запише во судскиот регистар без посебно барање, врз основа на регистарот што го води Министерството за внатрешни работи, кое е должно да му го достави на Окружниот суд во Скопје во рок од осум дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 38

Министерот за правосудство и управа прописите од член 11 став 3 од овој закон, ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 39

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за општествените организации и здруженија на граѓани („Службен весник на СРМ“ број 32/83 и 12/90), кои се однесуваат на општествените организации и здруженија на граѓани организирани заради остварување на политички интереси и цели.

Член 40

Одредбите кои се однесуваат на надлежноста за регистрација на политичките партии на Окружниот суд во Скопје, по донесувањето на Законот за судови, го врши судот кој ги презема надлежностите на Окружниот суд во Скопје.

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**1060.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 13 од Законот за Републичкиот судски совет („Службен весник на Република Македонија“ број 80/92), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија објавува дека ќе врши избор на претседател и 19 судии на Врховниот суд на Република Македонија.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 74 став 2 од Законот за редовните судови (државјанин на Република Македонија, дипломиран правник кој се истакнал како правен стручњак), пријавите со потребните документи да ги достават до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весникот „Нова Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2271/1
26 јули 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1061.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија и член 209 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШНИ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА НАУЧНИТЕ И СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ

1. Во Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници („Службен весник на Република Македонија“ број 32/91, 19/92, 37/92, 17/93 и 75/93) во ставот 1 точката 7. Комисија за стопанство

наместо Трпе Јаневски, треба да стои:

„Ацо Спасовски, секретар на Секторот за економска политика и развој при Стопанската комора на Македонија.

2. Во точка 9. Комисија за образование, наука и култура наместо Владимир Милчин, треба да стои:

„проф. д-р Љупчо Пановски, професор на Електротехничкиот факултет.“

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 08-2270/1
26 јули 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1062.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШНИ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА НАУЧНИТЕ И СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ

1. Во Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници („Службен весник на Република Македонија" број 32/91, 19/92, 37/92, 17/93 и 75/93), во ставот 1 во точката 4. Комисијата за економска политика и развој

наместо „Руфи Османи", треба да стои:

Џемаил Хајдари, дипл. економист, ул. „Браќа Блажевски" б.б. Гостивар".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2269/1
26 јули 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1063.**

Врз основа на член 15 од Законот за извршување на Републичкиот буџет („Службен весник на Република Македонија", број 79/93) и членот 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ДРУШТВА, ЗДРУЖЕНИЈА И СОЈУЗИ

Член 1

Дел од нераспределените средства во износ од 5.200.000,00 денари, од вкупно предвидените во Буџетот на Републиката за 1994 година, како учество на Републиката за финансирање на општествените организации, друштва, здруженија и сојузи се распоредуваат на следниве корисници:

| | во денари |
|---|---|
| 1. Младински совет на Македонија | 250.000 |
| 2. Организација на воените старешини на Република Македонија – Републичка конференција | 1.500.000 |
| 3. Противпожарен сојуз на Македонија | 600.000 |
| 4. Движење на екологистите на Македонија | 100.000 |
| 5. Сојуз на организацијата – Пријатели на шумите | 300.000 |
| 6. Здружение на македонците од Егејскиот дел на Македонија | |
| – Скопје | 600.000 |
| – Битола | 500.000 |
| 7. Здружение за заштита на човековите права на Македонците дискриминирани во Република Грција „Достоинство" – Скопје | 50.000 |
| 8. Туристички сојуз на Македонија | 400.000 |
| 9. Црвен крст на Македонија – Служба за барање | 600.000 |
| 10. Балканска унија за проучување и заштита на фауната и флората – Битола | 150.000 |
| 11. Здружение на обединетите нации за Република Македонија | 100.000 |
| 12. Сојуз за грижи и воспитување на децата во Македонија – Скопје | 50.000 |

Член 2

За извршување на оваа Одлука се грижи Министерството за финансии.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23–1832/1
25.07.1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II-СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Неат Јаја од Скопје, ул. „Карбуница" бр. 2 нас. Ш. Оризари, против тужената Мециде Јаја од татко Исмаил од Скопје, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Јаја да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење. Во спротивно, ќе и биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, XI. П. бр. 1940/94. (289)

Пред Општинскиот суд Скопје II Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Мериме Ајвазовска од Скопје, ул. „Корбуница" бр. 2, против тужениот Исмет Ајвазовски сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Исмет Ајвазовски од Скопје, да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, X. П. бр. 1939/94. (290)

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Горан Николов од Скопје, бул. „АВНОЈ" бр. 18/2-2, Скопје, против тужената Злата Ожаниќ Младеновиќ која што се наоѓа во странство со непозната адреса.

Се повикува тужената Злата Ожаниќ Младеновиќ која се наоѓа во странство во Република Хрватска со непозната адреса, да се јави во овој суд, во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, или, пак, во истиот рок со писмен поднесок да достави на судот точни податоци за своето престојувалиште.

Доколку тужената не се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот судот по службена должност ќе и постави привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси во предметниот спор. Старателот ќе биде одреден преку Центарот за социјални работи од редот на адвокатите.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, XIII. П. бр. 2243/94. (291)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 2608/94, на регистарска влошка бр. 1-8374-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејностите во внатрешниот промет на Претпријатието за промет на големо и мало „ВИЛАН" увоз-извоз д.о.о. Скопје, с. Сарај, ул. „Маршал Тито" 4 бр. 102.

Дејности: 012701, 012703, 013041, 013042, 090172.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр. 2608/94. (3194)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 1893/94, на регистарска влошка бр. 1-41841-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата и седиштето на Претпријатието за производство и трговија на големо и мало – експорт-импорт „АРТ НЕС" ц.о. Скопје, ул. „921" бр. 84.

